Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 1993 година.

Број 08-823/1
26 февруари 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ЗАПАЛНИ ТЕЧНОСТИ И ГАСОВИ**

Член 1

Во Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови („Службен весник на СРМ“ број 15/76, 51/88 и 19/90) во членот 1 став 2 зборовите: „Југословенската народна армија“ се заменуваат со зборовите: „Армијата на Република Македонија“.

Член 2

Во членот 6 став 2 зборот: „југословенски“ се брише.

Член 3

Во членот 12 став 2 по зборот „работи“ се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 4

Во членот 22 став 1 запирката по зборот: „работи“ се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 5

Во членот 23 зборот „организација“ се заменува со зборот „претпријатието“.

Член 6

Во членот 28 став 1 зборовите: „2.500 до 25.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 100 плати“, а зборовите: „организација на здружениот труд“ се заменуваат со зборот „претпријатие“.

Во ставовите 2 и 3 зборовите: „500 до 2.500 динари“ се заменуваат со зборовите: „десет до петнаесет плати“.

Во ставот 3 по зборовите: „државен орган“ се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 7

Во членот 29 зборовите: „500 до 2.500“ динари“ се заменуваат со зборовите: „една половина до две плати“, а зборот „поединец“ се заменува со зборовите: „физичко лице“.

Член 8

Во членот 30 зборовите: „републичкиот секретар за внатрешни работи“, „републичкиот секретар за индустрија и трговија“ и „републичкиот секретар за урбанизам, станбени и комунални прашања“ се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи“, „министерот за стопанство“ и „министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“.

Член 9

Членот 31 се брише.

Член 10

Во целиот текст на Законот зборовите: „надлежниот орган за внатрешни работи“, „органот за внатрешни работи“, „општинскиот орган за внатрешни работи“, „Републичкиот секретаријат за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.